Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
26 -10- 2015 година
Потпис. ______

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.36.УП.003.01

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ СО МОСТРИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ

Октомври 2015

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 00 | 26 -10- 2015 | прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 од Законот за Царинска управа („Службен весник на РМ“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15 и 61/15), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ СО МОСТРИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува постапката за земање и постапување со мостри за лабораториско испитување кои се доставуваат во Одделение за царинска лабораторија на Царинската управа (во натамошниот текст: Царинска лабораторија).

2. Организационите единици на Царинската управа надлежни според одредбите на ова Упатство се должни меѓусебната комуникација да ја вршат преку Електронскиот систем за управување со документи (EDMS[1]).

3. Под терминот репрезентативна мостра (во натамошниот текст: мостра) се подразбира репрезентативен дел кој се зема од вкупната количина на стока и:
   - поседува битни карактеристики и својства на вкупната количина на стока,
   - претставува просечен состав на вкупната количина на стока,
   - има статистички еднаква можност да биде избрана од вкупната количина на стока.

   Под терминот „земање и постапување со мостри“ употребен во ова Упатство се подразбираат постапки кои ги спроведуваат надлежните организациони единици на Царинската управа со цел да се изврши анализа на одредена стока во случај кога се сомневаат дека стоката неправилно е распоредена според Царинската тарифа, неправилно е прикажано нејзиното потекло, а со тоа и неправилно е пресметан царинскиот долг и/или дека стоката е предмет на забрани и ограничувања, а кои постапки опфаќаат земање, подготовка и доставување на мострите до Царинска лабораторија, нивно испитување, чување и отстранување, односно уништување.

   Под терминот „надлежни организациони единици на Царинската управа“ употребен во ова Упатство се подразбираат:
   - царинските испостави, при спроведување на царинска постапка,

[1] EDMS – Electronic Document Management System

- одделенијата на Секторот за контрола и истраги, во сите фази на царинската постапка, како и по пуштање на стоките во слободен промет,
- Одделението за царинска тарифа, вредност, потекло и ТАРИК на Секторот за царински систем, во постапката на издавање на Задолжителна тарифна информација,
- организационите единици на Царинската управа кои вршат контроли надвор од царинската постапка.

За став 3, алинеја 3 и 4, од точка 3, барањето за испитување на мостра се подготвува на образец Интерна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, кој го доставува преку ЕДМС до Одделението за царинска лабораторија.

## II. Земање на мостри

4. Царинскиот службеник кој е надлежен да земе мостри (во натамошниот текст: надлежен царински службеник), визуелно ја прегледува стоката и ја проверува и споредува со податоците во документите приложени кон царинската декларација, посебно од аспект на нејзините карактеристики и елементите што влијаат врз распоредувањето на стоката според Царинската тарифа и утврдување на царинскиот долг.

5. Надлежниот царинскиот службеник задолжително зема мостра за испитување доколку:
   - оцени дека визуелниот преглед од точка 4 на ова Упатство не овозможува правилно утврдување на видот, потеклото, квалитетот и составот на стоките,
   - при прегледот на стоката при влез или излез во и од царинското подрачје на Република Македонија се посомнева дека стоката може да подлежи на одредени забрани или ограничувања за влез или излез,
   - при увидот во царинската декларација и другите документи оцени дека е потребно да се провери видот, потеклото, квалитетот и составот на декларираните стоки,
   - царинската декларација во модулот на селективност е селектирана по критериум за преглед кој наложува земање на мостра.

6. Надлежниот царинскиот службеник наместо мостра може да земе техничка документација, слики и проспекти од производот доколку оцени дека истите се соодветни и доволни за проверка и докажување на карактеристиките на стоката и определување на елементите што влијаат врз распоредувањето на стоката според Царинската тарифа и утврдување на царинскиот долг.

7. Од моментот кога стоката ќе биде ставена на увид, надлежниот царинскиот службеник може да земе мостра за испитување и врз основа на писмено барање на декларантот со цел одредување на царински дозволено постапување или употреба на стоката.

8. За одлуката да ја прегледа стоката и да земе мостра, како и за времето и местото на земање мостра, надлежниот царинскиот службеник е должен да го извести декларантот или неговиот застапник, односно лицето кое ја поседува стоката и да го повика да присуствува во таа постапка.

9. Доколку оцени дека нема доволно познавања за начинот или соодветни помагала за земање мостра од стоката, надлежниот царинскиот службеник им наложува под негов надзор тоа да го сторат лицата од точка 8 на ова Упатство или од нив овластено лице.

10. Доколку лицата од точка 8 на ова Упатство одбијат да постапат согласно точка 8 и 9 на ова Упатство, царинскиот службеник им доставува писмен налог за постапување, на образец Надворешна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, во рок не подолг од 24 часа, со опомена дека по истекот на тој рок ќе продолжи со преглед на стоката на нивен ризик и трошок.

11. Царинскиот службеник самостојно одлучува за динамиката и зачестеноста на земање на мостри водејќи се притоа најмалку од следните критериуми:
   - висина на износот на евентуалниот царински долг,
   - вредност на стоката,
   - количината на стоката,
   - акциза на стока,
   - висината на данокот или правото на повраток,
   - задолжителни законски одредби,
   - други методи на анализа на ризик.

12. За стока со вредност на евентуалниот царински долг кој е помал од 600 денари, по правило не се зема мостра.

13. Во случај кога се сомнева дека стоката содржи или припаѓа на категорија на опасни и штетни материи, надлежниот царинскиот службеник зема мостра без оглед на вредноста на евентуалниот царински долг.

## III. Постапување при земање на мостри, број и количини на мостри и доставување на мострите на анализа

14. При земањето на мостри на стоки надлежниот царински службеник посебно внимава истите да не се оштетат повеќе од неопходно потребното, односно да не се загрози нивната парична или употребна вредност.

15. Земените мостри се ставаат во соодветна амбалажа (пластична, стаклена, лимена итн.) која е подобна да ја заштити вредноста и употребливоста на мострата.

    Амбалажата од став 1 на оваа точка ја обезбедува Секторот за административно технички работи, на барање на царинарниците и Секторот за контрола и истраги и Сектор за акцизи и нетарифни мерки.

16. При земањето на мостри од специфични стоки (како на пример: стерилна стока, стока осетлива на светлина, осетлива на влага и др.) надлежниот царинскиот службеник е должен да постапува со должно внимание и да ги обезбеди сите потребни услови и соодветни простории со цел да не се оштети стоката.

17. Раководителот на организационата единица, особено кога се работи за опасни и штетни стоки, е должен да обезбеди мерки за сигурност и заштита на здрвјето и животната средина и писмено да побара од лицата од точка 8 на ова Упатство да обезбедат квалификувано лице кое ќе изврши земање на мострата, со опомена дека доколку тоа одбијат да го сторат земањето на мострите ќе се изврши на нивен трошок од страна на квалификувано лице избрано по службена должност.

18. Пред земањето и постапувањето со мостри од опасни и штетни стоки, надлежниот царинскиот службеник е должен од лицата од точка 8 на ова Упатство да побара и обезбеди упатство од производителот на стоките или друг соодветен документ за безбедно ракување со истите.

19. Мостри не се земаат од:
    - експлозиви и средства за палење,
    - хемиско и биолошко оружје,
    - инфективни супстанции,
    - радиоактивни материи и нуклеарен материјал.

20. Во случај кога надлежниот царинскиот службеник не може да ја дефинира природата и составот на стоката или дали истата е опасна или штетна,

задолжително треба да побара инструкции за натамошно постапување од Царинската лабораторија и постапува само откако ќе ги добие потребните инструкции.

По барањето на надлежниот царинскиот службеник од став 1 на оваа точка, царинските службеници на Царинската лабораторија се должни веднаш да одговорат и по потреба да извршат непосреден теренски увид врз предметната стока.

21. Мострата се зема во количина доволна за вршење на потребната анализа.

Приближните минимални количини на мостри за одредени видови стоки изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - месо (свежо или замрзнато): | 500 г |
| - млеко и млечни производи: | 500 мл |
| - ориз: | 250 г |
| - производи на мелничка индустрија: | 250 г |
| - семе од маслодајна репка: | 250 г |
| - колбаси и други преработки од месо: | 400 г |
| - други прехрамбени производи во цврста состојба: | 500 г |
| - други прехранбени производи во течна состојба: | 1 литар |
| - растителни масла: | 250 мл |
| - алкохол и алкохолни пијалоци: | 500 мл |
| - течности, пасти, тврди материи: | 100 г |
| - нафта и нафтени деривати: | од 500 до 1500 мл |
| - стоки свиткани во ролни: | најмалку 50 см по цела ширина |
| - стоки во листови или плочи: | најмалку 30 х 30 см или во оригинален облик |
| - предиво, монофиламенти, врвци: | 20 м намотан калем или соодветен предмет |
| - жица: | не помалку од 10 м |

За стоки спакувани за продажба на мало се зема толкава количина од пакувањата со која би се достигнала масата на вредностите наведени во став 1 на оваа точка.

22. Мострата се зема во три истоветни примероци, секој во количина согласно точка 21 на ова Упатство.

23. Секој примерок од спакуваната мостра се обезбедува со ставање царинска пломба, царински печат и 01.30.36.УП.003.01-ОБ.01.01 Налепница за земена мостра за лабораториско испитување.

## IV. Постапување при земање на мостри од нафта и нафтени деривати

24. Надлежниот царински службеник при земањето мостра од нафта и нафтени деривати е должен да користи специјални садови за земање на мостра со вронување, садови за собирање и чување на земените мостри, како и друг прибор за манипулација со мострите.

25. Садот за земање на мостра е изработен од метал или пластика со соодветна форма која овозможува земање на мостра од секоја висина.

26. Садовите за чување на мострите можат да бидат изработени од метал, пластика или стакло. За мостри од нафтени деривати осетливи на светлина се користат садови изработени од темно стакло, а пластичните садови се користат за чување на течни јаглеводороди како гасно масло, дизел гориво, масла за подмачкување.

    Моторен бензин, авио бензин, керозин, сурови масла, вајт шпирит, медицинско бело масло и други растворувачи се земаат во стаклени или метални садови. За ваков вид на мостри не се користат пластични садови бидејќи постои можност да се разградат.

27. За затворање на стаклените садови може да се користат пластични или метални затворачи, но никогаш не се користат гумени затворачи.

28. Приборот со кој се зема мострата мора да биде чист пред употреба, за која цел се користат растворувачи, јак раствор на сапун, а плакнењето е со вода од чешма и дестилирана вода.

    Надлежниот царински службеник е должен да внимава приборот од став 1 на оваа точка, пред употреба да биде добро исушен за да не дојде до мешање на мострата со вода.

    Надлежниот царински службеник кој ја зема мострата е задолжен за одржување и правилна употреба на приборот.

29. Надлежниот царински службеник е должен секогаш да земе еднаков волумен на мостра од горниот, средниот и долниот дел или од отворот за излез на стоката од резервоарот, при што:
    - мострата земена на 15 см под површината на течноста во резервоарот се смета за мостра земена од горниот дел,
    - мострата земена на 15 см од дното на резервоарот се смета за мостра земена од најниската точка од резервоарот.

30. Надлежниот царински службеник кој зема мостри од одредени нафтени деривати (пример: вајт шпирит, нафтени растворувачи, керозин и сл.) потребно е да ги има предвид потребните мерки на претпазливост кои се наоѓаат во безбедноснот лист за транспорт - SDS (safety data sheet).

31. Кога се земаат мостри од големи контејнери, за да се избегне запаливост предизвикана од статички електрицитет, надлежниот царински службеник мора да преземе мерки на претпазливост против иницирање на статички електрицитет, имајќи притоа предвид дека садот, контејнерот и приборот со кој се зема мостра треба да поседуваат спроводник за неутрализација на статички електрицитет.

32. При земање на мостри на нафта и нафтени деривати не смее да се употребува јаже или облека изработени од најлон или полиестер, а со цел намалување на можноста за создавање на статички електрицитет.

33. Приборот со кој се земаат мострите пред да се извлече од резервоарот од кој се зема се подига и задолжително се исцедува, па потоа се отстранува.

34. Сите мостри од нафта и нафтени деривати кои испаруваат треба да бидат заштитени од испарување, за која цел надлежниот царински службеник треба што е можно побрзо земената мостра да ја истури во садот во кој ќе се чува и ќе се транспортира. Садот треба да се чува затворен цело време освен кога мострата се префрла во друг сад.

    Доколку мострата се префрла од еден во друг сад, тој треба да се исплакне со дел од мострата.

35. Земајќи ја предвид температурата на течноста во времето на полнење и веројатната максимална температура на која ќе биде подложен наполнетиот сад, надлежниот царински службеник е должен во садот да остави соодветно место за експанзија. Заради ова и заради адекватно мешање на мострите, садовите не смеат да се полнат повеќе од 80% од вкупниот волумен.

## V. Записник за земени мостри

36. Надлежниот царинскиот службеник при земање на мостри е должен да изготви Записник за земање на мостри (во натамошниот текст: Записник) на образец пропишан со Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

37. Записникот од точка 36 на ова Упатство се подготвува во три примероци согласно член 151 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

38. Ако во фактурата или друг трговски документ кој ја прати стоката е наведено дека пратката содржи ист вид на стока со различни трговски имиња, кои се распоредени во една тарифна ознака, во рубрика 4 од Записникот се наведува трговското име на конкретната стока од која е земена мостра за анализа. Записникот се однесува само на едно трговско име на стоката.

39. Количината на земената мостра се забележува во рубрика 8 од Записникот.

40. Во рубрика 9 од Записникот се наведува причината поради која се зема мострата (пример: се дава краток опис зошто не било можно да се изврши тарифно распоредување на стоките според Царинската тарифа врз основа на визуелен преглед на стоката и документите кои ја пратат истата).

41. Доколку се земат мостри од опасни и штетни материи, во рубрика 9 се запишува »ОПАСНО« и во прилог на Записникот се доставува копија од упатството или друг соодветен документ за безбедно ракување со стоките.

42. Кога мострите на стоки се земени на барање на царинскиот декларант, во рубрика 9 се запишува „мостри земени по барање на декларантот“.

43. Во рубрика 9 од Записникот се запишува дека на декларантот му е предаден еден примерок од земената мостра.

44. Кога лицата од точка 8 на ова Упатство бараат да им се врати мострата (доколку целосно не е уништена при анализа), во рубрика 9 од Записникот се запишува „мострата да се врати на увозникот/декларантот“.

    Непосредниот раководител на организационата единица што ја праќа мострата по добивање на Записник за резултатите од анализа или проверка е должен веднаш да ги извести лицата од точка 8 дека може да ја подигнат мострата од став 1 на оваа точка од просториите на Царинската лабораторија.

Доколку мострата од став 1 на оваа точка не се подигне од лицата од точка 8 во рок од 20 дена од доставениот Записник за резултатите од анализа или проверка, Царинската лабораторија пристапува кон уништување на предметната мостра.

45. Кон Записникот за земена мостра се приложуваат следните документи:
   - копија од царинска декларација,
   - копија од фактурата,
   - информации за призводот оверени со печат од царинскиот орган и потпишани од царински службеник (спецификација на производителот, спецификација на хемискиот состав, упатство за безбедно ракување со стоките и сл.).

46. Надлежните организациони единици се должни да водат посебна евиденција за земените мостри, нивното доставување за испитување, како и за примените записници за резултатите од анализите или проверките на мострите во Контролник за земени мостри за анализа или Excel табела со истите податоци од контролникот.

## VI. Испраќање и чување на земените мостри

47. Еден примерок од земената мостра обележана со налепница и еден примерок од Записникот, надлежниот царинскиот службеник е должен веднаш да ги достави на лицата од точка 8 на ова Упатство.

48. Еден примерок од Записникот за земени мостри надлежниот царинскиот службеник задржува за потреби на евиденцијата на надлежната организациона единица.

49. Раководителот на надлежната организационата единица која зема мостри е должен да назначи царински службеници кои се овластени за доставување на мострите и целокупната документација до Царинската лабораторија.

50. Два примероци од земените мостри обележани со налепници (првата со назнака „Лабораторија (за испитување)“, а втората со назнака „Лабораторија (за суперанализа“) и еден примерок од Записникот овластениот царинскиот службеник е должен да ги достави директно до Царинската лабораторија најдоцна во рок од два работни дена од денот на земањето на мострата.

51. Транспортот на мостри на стоки кои брзо се расипуваат се врши во посебни торби за ладење (т.н „студен синџир“) со цел примерокот кој е оладен или замрзнат да остане во таква состојба до почетокот на анализата.

Транспортот на мостри од нафта, нафтени деривати и други опасни хемиски производи се врши во пластични дистрибутивни кутии.

52. Примопредавање на мострите помеѓу организационите единици и Царинската лабораторија се врши со 01.30.36.УП.003.01-ОБ.02.01 Спецификација на мостри доставени во царинска лабораторија, во два примероци, од кој еден останува во Царинската лабораторија, а еден овластениот царинскиот службеник е должен да го достави до раководителот на надлежната организациона единица.

## VII. Испитување на мострите и доставување на резултатите од испитувањето

53. По прием на мострата, Царинската лабораторија пристапува кон извршување на лабораториска анализа со примена на соодветните методи за анализа.

    Доколку Царинската лабораторија нема услови за спроведување на лабораториска анализа на мострата од став 1 на оваа точка, истата ја доставува на испитување во надворешна лабораторија.

54. По извршеното испитување на мострите, Царинската лабораторија изготвува 01.30.36.УП.003.01-ОБ.03.01 Записник за резултати од анализа или проверка, кој се доставува до надлежниот царински службеник во организационата единица од која е испратена мострата за испитување, кој пак е должен веднаш, а најдоцна наредниот работен ден да постапи по наодите наведени во записникот.

    Надлежниот царински службеник е должен веднаш по добивањето на Записникот за резултати од анализа или проверка еден примерок да им достави на лицата од точка 8 на ова Упатство, со потврда на приемот.

55. Доколку во Записникот за резултати од анализа или проверка е потврдена тарифната ознака од царинската декларација, истото се констатира со забелешка во царинската декларација, а Записникот за резултати од анализа или проверка се приложува кон предметната царинска декларација. Истото се однесува и кога предмет на анализа било утврдување на потеклото или други карактеристики на стоката, а со анализа истите биле потврдени.

56. Доколку со Записникот за резултати од анализа или проверка е утврдено дека предметната стока не се распоредува во тарифната ознака наведена во царинската декларација, или се утврди друго потекло, царинскиот службеник е должен веднаш, а најдоцна во рок од пет (5) работни дена да иницира пред

Одделението за управна постапка и застапување пред судовите постапка за донесување на:

- решение за промена на податоците во царинската декларација и наплата на евентуално новоутврдениот царински долг, согласно одредбите на Царинскиот закон, како и
- решение за наплата на трошоците за испитување на земената мостра, согласно член 2 од Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка, или, за наплата на реалните трошоци за анализите во други институции, а согласно член 159 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Одделението за управна постапка и застапување пред судовите е должно веднаш, а најдоцна во рок од 2 дена по извршноста на решението од став 1 на оваа точка, истото да го достави до соодветните одделенија на Секторот за сметководство и финансии на натамошно евидентирање и следење на наплатата на пресметаниот долг.

Организационите единици кои спроведуваат дополнителна проверка постапуваат согласно важечките процедури.

### VIII. Постапување со земените мостри по спроведената анализа

57. Мострите за кои е издаден Записник за резултатите од анализа или проверка од точка 55 на ова Упатство, Царинската лабораторија, по правило, ги чува најмногу 30 дена од издавање на истиот по што се пристапува кон отстранување на мострите кои може да се уништат како комунален отпад.

    Во случај кога се работи за мостри кои по природа бараат посебни услови на уништување (запаливи, испарливи, токсични и др.), истите се отстрануваат од страна на декларантот согласно член 158, точка (2) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и нејзините измени.

58. За мострите за кои е издаден Записник за резултатите од анализа или проверка од точка 56 на ова Упатство, Царинската лабораторија е должна да ја чува мострата за суперанализа до добивање на 01.30.36.УП.003.01-ОБ.04.01 Одобрение за уништување на доставена мостра за суперанализа, од страна на надлежната организациона единица, а со кое се потврдува дека постапката по решенијата од истата точка на ова Упатство правосилно е завршена.

    По исклучок на став 1 на оваа точка, Царинската лабораторија може да спроведе постапка на уништување на мострите и пред правосилно завршување на постапката во случај кога:

- изминал рокот на употреба утврден од страна на производителот,
- претстои нивно расипување со ризик за загрозување на здравјето и животна средина,
- настанала визуелна промена (испарување, промена на бојата, густината итн.).

## IX. Завршни одредби

59. Надлежност за предлагање, примање и подготвување на измени и дополнување на ова Упатство има Секторот за царински систем.

60. Царинските службеници од Царинарниците, Секторот за контрола и истраги, Секторот за акцизи и нетарифни мерки, Одделението за царинска лабораторија се должни да постапуваат по одредбите на ова Упатство.

61. Помошникот директор на Секторот за царински систем е одговорен за вршење надзор над правилното спроведување на одредбите на ова Упатство.

62. Контрола на спроведување на одредбите на ова Упатство вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на своите овластувања.

63. Секторот за управување со човечки ресурси во соработка со Секторот за Царински систем е должен веднаш по потпишувањето ова Упатство да го направи достапно на сите вработени во Царинската управа на начин што истото ќе се објави во Депозитарот на документација во Царинската управа и во рок од 30 дена да одржи презентација на раководителите на организационите единици.

64. Сите раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

65. Секое постапување спротивно на одредбите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

66. Со донесувањето на ова Упатство, престанува да се применува Упатството за начинот на земање и постапување со мостри број 01-036588/11-0001 од 25.08.2011 година и Упатството за земање на мостри од нафта и нафтени деривати број 01-036598/11-0001 од 15.07.2011 година.

67. Ова Упатство стапува на сила со денот на негово донесување, а ќе започне да се применува по истекот на 8 дена од денот на неговото донесување.

Директор,
Наташа Радеска Крстевска

Бр. 01 - 074061/15 -0001
Скопје, 22.10.2015г.
26 -10- 2015

Записи:
- 01.30.36.УП.003.01-ОБ.01.01 Налепница за земена мостра за лабораториско испитување
- 01.30.36.УП.003.01-ОБ.02.01 Спецификација на мостри доставени во царинска лабораторија
- 01.30.36.УП.003.01-ОБ.03.01 Записник за резултатите од анализа или проверка
- 01.30.36.УП.003.01-ОБ.04.01 Одобрение за уништување на доставена мостра за суперанализа

Изработил: Марјан Славков
Одобрил: Наталија Крушаровска
Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директорот<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на Царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.30.36.УП.003.01-ОБ.01.01

Прилог број 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум: | | Царинска испостава: | |

## НАЛЕПНИЦА ЗА ЗЕМЕНА МОСТРА ЗА ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на Записник за земена мостра: | | | |
| Тарифна ознака: | | Број на царинска пломба: | |
| Трговско име на стоката: | | | |
| Увозник/Декларант: | | | |

**Примател на мострата:**

- ☐ Лабораторија (за испитување)
- ☐ Лабораторија (за суперанализа)
- ☐ Декларант/негов застапник, лице кое ја поседува стоката

| Надлежен царински службеник | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Потпис и печат | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.30.36.УП.003.01-ОБ.02.01

Прилог број 2

## СПЕЦИФИКАЦИЈА
## НА МОСТРИ ДОСТАВЕНИ ВО ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на Записник за земена мостра: | | Датум: | |
| Трговско име на стоката: | | | |

| | | |
|---|---|---|
| Мостра наменета за: | лабораторија(за испитување) | лабораторија (суперанализа) |
| Број на пломба: | | |

| | | |
|---|---|---|
| Организациона единица: | | |
| Надлежен царински службеник | | |
| | Име и презиме | Потпис и печат |

| | | |
|---|---|---|
| Организациона единица: | Одделение за царинска лабораторија | |
| Надлежен царински службеник | | |
| | Име и презиме | Потпис и печат |

| | |
|---|---|
| Датум на прием: | |
| Забелешка при прием: | |
| | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
**Сектор за царински систем - Одделение за царинска лабораторија**

01.30.36.УП.003.01-ОБ.03.01

Прилог број 3

Согласно чл. 159 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број ____________________) и согласно чл. 2 од Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка ("Службен весник на Република Македонија" број ________) се составува следниот:

## З А П И С Н И К

за резултатите од анализа или проверка

**Лабораториски контролен број:**
**Датум на прием на мострата:**
**Трговски назив на стоката од фактура:**

**Подносител на барање:**
**Број на записник за земена мостра:**
**Увозник:**
**Декларација/датум:**
**Царински декларант:**
**Пријавена тарифна ознака:**

**Опис на мострата:**

**Мислење за распоредување на стоките според Царинска тарифа:**

Тарифна ознака:

Тарифно наименување:

**Основи за распоредување на стоката:**

**Трошоци за анализа:**

Трошоци во царинска лабораторија:

Трошоци во други институции:

функција
име и презиме

Бр. xxxxxxxxxxxx
Место, xxxxxxxxxxг.

Доставено во оригинал до:
- xxxxxxxxxx
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- xxxxxxxxxxx

Изработил: xxxxxx
Одобрил: xxxxxxxx
Согласен: xxxxxxxx

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.30.36.УП.003.01-ОБ.04.01

Прилог број 4

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум: | | Број: | |

**ОДОБРЕНИЕ ЗА УНИШТУВАЊЕ НА ДОСТАВЕНА МОСТРА ЗА СУПЕРАНАЛИЗА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на Записник за резултати од анализа или проверка: | | | |
| Лаб. контролен број (К.бр.): | | Број на царинска декларација: | |
| Надлежна организациона единица: | | | |

**Се одобрува уништување на доставената мостра за суперанализа, бидејќи постапката правосилно е завршена.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Раководител | | | |
| Име и презиме | | Потпис и печат | |